Ев. бр. 1065/2023

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr.08-712
17.07.2023

**Скопје/Shkup**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25-07-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 567/3 | | |

До : Градоначалникот на општина Битола
Г-дин Тони Коњановски
Бул. " 1-ви Мај " бр.61

7000 Битола

Предмет: Доставување на Известување
Врска : Ваш бр.08-732/1, од 30.06.2023 година

Почитувани,

До Државниот инспекторат за локална самоуправа, на ден 09.06.2023 година, од Ваша страна, е доставено, иницијатива за вонреден инспекциски надзор, во општина Битола, за работата на Советот на општина Битола и именувањата и разрешувањата на членовите во управните и надзорните одбори на јавните служби кои ги основа општината.

Државниот инспектор за локална самоуправа, по направената анализа врз дописот, во согласност со определената надлежност во Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), Ве известува, дека на ден 30.06.2023 година, со почеток од 11.00 часот, беше извршен вонреден инспекциски надзор во општина Битола, во согласност со поднесената иницијатива. За наодите од извршениот надзор, Ви доставуваме копиа со даденото Решение со ОПОМЕНА за постапување до Претседателот на Советот на општина Битола.

Со почит,

Прилог:Копиа од донесеното Решение со опомена.

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа
---------------- Службена легитимација бр.13-0002


Влада на Република Северна Македонија Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

Број:08-712
Датум/Data: 17.07.2023 год./viti

Државниот инспекторат за локална самоуправа преку Виш Државен инспектор за локална самоуправа, Рахим Муслиу со службена легитимација бр.13-0002, изврши ја вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор во општина Битола, во Битола, со адреса: Бул."1 Мај"бр.61, застапувано од Г-дин Тони Коњановски, Градоначалник на општина Битола и со Записник број 08-712 од 30.06.2023 година, во врска со одржувањето, на 27-та седница на Советот на општина Битола, донесените Решениа за разрешување на членовите на Управните и надзорните одбори на ЈКП, кои ги формира општината и ја утврдија фактичката состојба и врз основа на член 83 став (1) од Законот за инспекциски надзор (" Службен весник на РСМ", бр.102 од 22.05.2019 година), а во врска со член 70 став 2 од Закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002 година) и член 6 став 2 од Законот за Државниот закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.158/2010, 187/13,43/14 и 64/18 година) го донесоа следното:

## РЕШЕНИЕ

1.Се изрекува мерка **ОПОМЕНА** на Претседателот на Советот на општина Битола, Г-ѓа Габриела Илиевска, за неправилности при донесените Решениа за разрешување на членовите во Управните и надзорните одбори на ЈКП, "Водовод" Битола, "Комуналец" Битола, "Изградба и одржување на јавен простор", "Пазари" Битола, "Жабени " Битола, "КИЦ" Битола, а се однесуваат на напочитување на одредбите од член 17-ѓ и 26-а од Законот за јавните претпријатија.

2.Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение е 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението.

3.Субјектот на инспекциски надзор, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 18 од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа("Сл Весник на РМ" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18. ), преку Виш Државен инспектор за локална самоуправа, Рахим Муслиу, со службена легитимација бр.13-0002, извршија вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор во општина Битола со адреса: Бул."1 мај"бр.61, застапувано од Г-дин Тони Коњановски, Градоначалник на Општина Битола, како и со Претседателот на Советот на општина Битола, г-ѓа Габриела Илиевска, на одвоени средби, со матичен број на субјектот на надзорот 6025633 и составиле Записник број 08-712 од 30.06.2023 година, во кој е констатирано:

-Предмет на инспекцискиот надзор, беше утврдување на фактот, дали има неправилности при донесените Решениа за разрешување на членовите во Управните и надзорните одбори на ЈКП, "Водовод" Битола, "Комуналец" Битола, "Изградба и одржување на јавен простор", "Пазари" Битола, "Жабени " Битола, "КИЦ" Битола, а се однесуваат на напочитување на одредбите од член 17-ѓ и 26-а од Законот за јавните претпријатија.

По извршениот вонреден инспекциски надзор во седиштето на општина Битола, на ден 30.06.2023 година и одвоените средби на инспекторот, прво со Градоначалникот и секретарот на општина Битола, потоа со Претседателот на Советот на општина Битола.
На вонредниот надзор беше побарана и добиена целокупната документација од 27-тата седница на Советот на општина Битола одржана на ден 31.05.2023 година, како што се :

1. Решение/Покана за свикување на 267та седница на Советот на општина Битола, за 31.05.2023 година, со арх. бр.09-55/1, од 23.05.2023 година.
2. Евидентен лист за присуство на членовите на Советот на општина Битола од седницата одржана на ден, 31.05.2023 година, како и од продолжението
3. Записник (неусвоениот) од 27-та седница одржана на ден 31.05.2023 година.
4. УСБ-то од снимената седница, одржана на ден 31.05.2023 година.( материалот сниме на три УСБ)

Бидејќи одговорното лице од општинската администрација за снимање на седниците, беше отсатен од работа, од претставникот на општината беше побарано да им се даде рок за доставување на бараната документација и истата преку курир беше доставено до седиштето на инспекторатот на ден 07.07.2023 година. Во меѓувреме, од претставникот на општина Битола, одговорна за работата со Советот, по емаил, беше побарано да се достават Решениата за разрешување и именувања на членовите на Управните и надзорните одбори на јавните комунални претпријатија каде основач е општината, донесени од овој состав на Советот на општина, потпишани од Габриела Илиевска, Претседател на Советот на општина Битола и истите во скенирана форма, верни на оригиналите, по мејл се доставени до инспекторот, следната документација:

5. Решението со бр. 09-153/70 од 16.09.2022 година.
6. Решението со бр. 09-153/72 од 16.09.2022 година.
7. Решението со бр. 09-145/28 од 01.12.2021 година.
8. Решението со бр. 09-145/29 од 01.12.2021 година.
9. Решението со бр. 09-145/30 од 01.12.2021 година
10. Решението со бр. 09-145/31 од 01.12.2021 година.
11. Решението со бр. 09-145/32 од 01.12.2021 година
12. Решението со бр. 09-145/34 од 01.12.2021 година
13. Решението со бр. 09-145/35 од 01.12.2021 година.
14. . Решението со бр. 09-145/36 од 01.12.2021 година.
15. Решението со бр. 09-145/37 од 01.12.2021 година.
16. Решението со бр. 09-145/38 од 01.12.2021 година.
17. Решението со бр. 09-145/39 од 01.12.2021 година
18. Решението со бр. 09-145/40 од 01.12.2021 година
19. Решението со бр. 09-145/41 од 01.12.2021 година
20. Решението со бр. 09-26/19 од 28.02.2022 година
21. Решението со бр. 09-70/19 од 11.04.2022 година
22. Решението со бр. 09-70/16 од 11.04.2022 година
23. Решението со бр. 09-116/20 од 21.06.2022 година
24. Решението со бр. 09-116/20 од 21.06.2022 година

**Ве информираме** дека, нашиот инспекторат работи според Законот за локална самоуправа, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за инспекциски надзор, и други закони, како и надлежноста на овој инспекторат е вршењето на надзор на законитоста на прописите на општините како и постапката за нивно донесување.

Од извршениот надзор, од бараната и добиената документација од претставникот на општина Битола и од анализата направена врз нив како и од содржината на добиеното барање, во продолжение, ќе Ве информираме со нашите наоди од извршениот надзор.

Но, да одиме хронолошки, за овој случај:

Решението за свикување на 27-та седница на Совет на општина Битола е со арх.бр. 09-55/1 од 23.05.2023 година, свикана од страна на Претседателот на Совет на општина Битола со дневен ред од 64 точки. Седницата започна со работа во договореното време, во 11:00 часот и од увидот во неусвоениот записник и снимената седница, од вкупниот број членови на Совет на општина Битола 31, на седницата присуствувале сите членови на Советот на општина Битола.

По претставување на дневниот ред од страна на Претседателот на Советот, им се овозможи на членовите на Советот да дадат предлози за измена и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи немало други предлози за измена и дополнување на дневниот ред, од страна на Претседателот на Советот на општина Битола дополнетиот дневен ред бил ставен на гласање и исходот од гласањето е следен: **сите членови на Советот на општина Битола, гласаа "ЗА" дневниот ред по кој ќе се работи на 27-ма седница, со 69 точки на дневен ред.**

Од анализата направена врз донесените акти на 27-та седница, во согласност со нашите законски надлежности, утврдено е дека од сите точки кои беа на дневен ред, од подносителот на иницијативата, Градоначалникот на општина Битола, се успоруваат точките од 64-69, а се однесуваат на Решенијата за разрешување на членовите на Управните и Надзорните одбори на шест Јавни комунални претпријатија.

Од наодите од извршениот инспекциски надзор, од разговорите со претставниците на општина Битола и од анализата направена врз документацијата која е добиена од претставникот на општината кој учествуваше во овој надзор, во согласност со нашите законски надлежности, Ве известуваме дека се констатирани **следните неправилности**:

- Претседателката на Совет не ги испочитувала одредбите од член 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија, цитираме: **Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно со членот 11 точка 7 од овој закон.**

Во конкретниот случај не се исполнети условите за разрешување на сите членови на Управните и Надзорните одбори на шесте јавни комунални претпријатиа, бидејќи, тие се предложени и избрани од оваа структура на Советот на општина Битола, по локалните избори од 2021 година, имаат време до крајот на нивниот мандат и дека ги имаат усвоено и годишната сметка и извештајите за работењето на јавните претпријатиа.

-Мнозинството членови на Советот на општина Битола, неправилно постапил и со едно решение ги разрешува членовите на Управните и Надзорните одбори на шесте ЈКП.

Наше укажување за овој дел е, дека со посебни решениа се разрешува и назначува членот/членовите на Управните одбори и со посебно решение се разрешува и назначува членот/членовите на надзорните одбори. За споредба, Ве потсетуваме, за да ги разгледувате Вашите решение за разрешување и назначување на членовите на Управните и Надзорните одбори од почетокот на мандатот на оваа структура на Советот на општина Битола.

- Советот на општина Битола не постапил и во согласност со член 17-ѓ, точка 5, цитираме: **Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу три месеци, без можност за продолжување,** како и точка 7,
- **Општината односно градот Скопје кога е основач на јавното претпријатие, Советот на општината односно Советот на градот Скопје назначува вршители на должност членови на управен одбор на предлог на градоначалникот на општината, односно на предлог на градоначалникот на Град Скопје.**

Додека што се однесува до успорените акти, донесени на 27-та седница на Советот на општина Битола, кои не се донесени во согласност со член 17-ѓ од Законот за јавните претпријатиа, се доставува ово известување со **ОПОМЕНА до Претседателот на Советот на општина Битола,** како задолжениа за постапување:

-да во рок од 15 дена од приемот на решението, успорените акти да ги стават на седница на Советот на повторно разгледување.

-донесените акти да се во целосна согласност со одредбите од Законот за јавните претпријатиа ( со член 17-ѓ).

Од Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Битола, се бара, да ги почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа, секој во својот делокруг на надлежностите, одредбите од Законот за јавните претпријатиа и да ги почитуваат и применуваат одредбите од Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Битола.

По добиените информации и истечениот рок даден во диспозитивот на ова решение инспекторите ќе извршат контролен надзор, за да се констатира дека е постапено по инспекциската мерка.

При одлучувањето инспекторите се раководеа од начелата на законитост, пропорционалност, утврдување на материјалната вистина како основни начела за водење на инспекциската постапка утврдени во Законот за инспекциски надзор.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:

Против ова решение од член 83 на Законот за инспекциски надзор, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Државен инспекторат за локална самоуправа под број.08-712 од 17.07.2023 година.

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа

--------------------- Службена легитимација бр.13-0002

М.П.


Влада на Република Северна Македонија Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

Ев бр. 1066/2023

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr.08-770
17.07.2023

**Скопје/Shkup**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25 -07- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08- | 567 | 2 | |

До : Градоначалникот на општина Битола
Г-дин Тони Коњановски
Бул. " 1-ви Мај " бр.61
7000 Битола

**Предмет:** Известување со Укажување
**Врска :** Ваш бр.08-732/1, од 30.06.2023 година

Почитувани,

До Државниот инспекторат за локална самоуправа, на ден 23.06.2023 година, од страна на Претседателот на Советот на општина Битола, е доставено, иницијатива за вонреден инспекциски надзор, во општина Битола, за работата на Градоначалникот на општина Битола и необјавувањето на дел од актите донесени на 27-та седница на Советот на општина Битола, поврзано со именувањата и разрешувањата на членовите во управните и надзорните одбори на јавните служби кои ги основа општината.

Државниот инспектор за локална самоуправа, по направената анализа врз дописот, во согласност со определената надлежност во Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), Ве известува, дека на ден 30.06.2023 година, со почеток од 11.00 часот, беше извршен вонреден инспекциски надзор во општина Битола, во согласност со поднесената иницијатива. За наодите од извршениот надзор, Ви доставуваме копиа со даденото известување до подносителот на иницијативата, додека до Вас, како Градоначалник на општина Битола, **Ви Укажуваме**, дека, Градоначалникот, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа, став(1) точка 2, цитираме: **Ја контролира законитоста на прописите на советот** и точка 3, цитираме: **Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината и** врз основа на член 51, контрола на законитоста на


Влада на Република Северна Македонија Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

прописите пред нивното објавување, став (1), цитираме: **Ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.**

Наш став по однос на ово прашање, е дека, и досега во службените гласници на општина Битола, кога од страна на советот се донесуваат поединечни акти, од страна на градоначалникот се донесуваше заклучок за нивно објавување. За конкретниот случај, од страна на градоначалникот не се објавуваат истите решенија, без да ја известува претседателот на советот, во законскиот рок, кои се причините за необјавување и да даде образложение за истите, иако решениата за разрешување не се прописи туку се поединечни акти.

Од увидот во документацијата за комуникацијата помеѓу Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Битола ( барање од Претседателот на Советот до Градоначалникот на општината, со бр.09-73/1 од 16.06.2023 година, доставување на информации од Градоначалникот до Претседателот на Советот, со бр.08-688/2 од 19.06.2023 година, барањето од Претседателот на Советот до Градоначалникот на општината, со бр.09-73/2 од 21.06.2023 година, доставување на информации од Градоначалникот до Претседателот на Советот, со бр.08-688/4 од 21.06.2023 година), од наша страна се констатира, дека како претставници на двата органа, треба да седнете и да разговарате и да ги решите и надминете несогласувањата, секој од својот делокруг на надлежностите врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на општина Битола.

Ве информирам дека од наша страна, Ви се **Укажува**, дека во иднина, во таквите случаи, писмено да се извести Претседателот на Советот, со образложение, дека донесените акти од советот нема да се објавуваат во службеното гласило на општината, бидејќи не се во согласност со законските решениа.

Со почит,

Прилог:Копиа од доставеното Известување до подносителот.

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа

------------------- Службена легитимација бр.13-000


Влада на Република Северна Македонија Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr.08-770
17.07.2023

**Скопје/Shkup**

До : Г-ѓа Габриела Илиевска
Претседател на Советот на општина Битола
Бул "1 Мај" бр.61
7000 Битола

Предмет: Доставување на известување

Врска : Наш бр.08-770, од 30.06.2023 година

Почитувани,

До Државниот инспекторат за локална самоуправа, на ден 23.06.2023 година, е доставено Вашата Претставка, како барање за инспекциски надзор, во општина Битола, во врска со 27-та седница на Советот на општина Битола, одржана на ден 31.05.2023 година.

Државниот инспектор за локална самоуправа, по направената анализа врз Вашиот допис, во согласност со определената надлежност во Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија" бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18), и по разгледување на фактите, односно увидот во документацијата како и содржината на добиеното барање од Вас, Ве известува со следното :

Со писмен допис, известени се Градоначалникот и Претседателот на Советот, дека ќе се врши вонреден инспекциски надзор во општина Битола, на ден 30.06.2023 година. Истиот на закажаното време беше реализиран, при тоа инспекторот имаше одвоени средби со :

-Г-дин Тони Коњановски- Градоначалник на општина Битола.

-Г-дин Борче Димитриевски- Секретар на општина Битола.

-Г-ѓа Габриела Илиевска-Претседател на Советот на општина Битола.


Влада на Република Северна Македонија | Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје | +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа | Република Северна Македонија | www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, | Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup | ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale | Republika e Maqedonise se Veriut | www.dils.gov.mk

Со гореспоменатите претставници на општина Битола, првата средба беше со Градоначалникот и секретарот на општина Битола, потоа со Вас, во својство на Претседател на Советот на општина Битола, каде што беа дискутирани сите моменти и факти наведени во Вашиот допис. Вишиот Државен инспектор за локална самоуправа од извршениот вонреден инспекциски надзор во седиштето на општина Битола, на ден 30.06.2023 година, составил Записник со наш арх.бр. 08-770.

На вонредниот надзор беше побарана и добиена целокупната документација од 27-тата седница на Советот на општина Битола одржана на ден 31.05.2023 година, како што се :

1. Решение/Покана за свикување на 27-та седница на Советот на општина Битола, за 31.05.2023 година, со арх. бр.09-55/1, од 23.05.2023 година.
2. Евидентен лист за присуство на членовите на Советот на општина Битола од седницата одржана на ден, 31.05.2023 година, како и од продолжението
3. Записник (неусвоениот) од 27-та седница одржана на ден 31.05.2023 година.
4. УСБ-то од снимената седница, одржана на ден 31.05.2023 година.( материалот снимен три УСБ)

Бидејќи одговорното лице од општинската администрација за снимање на седниците, беше отсатен од работа, од претставникот на општината беше побарано да им се даде рок за доставување на бараната документација и истата преку курир беше доставено до седиштето на инспекторатот на ден 07.07.2023 година. Во меѓувреме, од претставникот на општина Битола, одговорна за работата со Советот, по емаил, беше побарано да се достават Решениата за разрешување и именувања на членовите на Управните и надзорните одбори на јавните комунални претпријатија каде основач е општината, донесени од овој состав на Советот на општина, потпишани од Габриела Илиевска, Претседател на Советот на општина Битола и истите во скенирана форма, верни на оригиналите, по мејл се доставени до инспекторот, следната документација:

5. Решението со бр. 09-153/70 од 16.09.2022 година.
6. Решението со бр. 09-153/72 од 16.09.2022 година.
7. Решението со бр. 09-145/28 од 01.12.2021 година.
8. Решението со бр. 09-145/29 од 01.12.2021 година.
9. Решението со бр. 09-145/30 од 01.12.2021 година

10. Решението со бр. 09-145/31 од 01.12.2021 година.
11. Решението со бр. 09-145/32 од 01.12.2021 година
12. Решението со бр. 09-145/34 од 01.12.2021 година
13. Решението со бр. 09-145/35 од 01.12.2021 година.
14. . Решението со бр. 09-145/36 од 01.12.2021 година.
15. Решението со бр. 09-145/37 од 01.12.2021 година.
16. Решението со бр. 09-145/38 од 01.12.2021 година.
17. Решението со бр. 09-145/39 од 01.12.2021 година
18. Решението со бр. 09-145/40 од 01.12.2021 година
19. Решението со бр. 09-145/41 од 01.12.2021 година
20. Решението со бр. 09-26/19 од 28.02.2022 година
21. Решението со бр. 09-70/19 од 11.04.2022 година
22. Решението со бр. 09-70/16 од 11.04.2022 година
23. Решението со бр. 09-116/20 од 21.06.2022 година
24. Решението со бр. 09-116/20 од 21.06.2022 година

**Ве информираме** дека, нашиот инспекторат работи според Законот за локална самоуправа, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за инспекциски надзор, и други закони, како и надлежноста на овој инспекторат е вршењето на надзор на законитоста на прописите на општините како и постапката за нивно донесување.

Од извршениот надзор, од бараната и добиената документација од претставникот на општина Битола и од анализата направена врз нив како и од содржината на добиеното барање, во продолжение, ќе Ве информираме со нашите наоди од извршениот надзор.

Но, да одиме хронолошки, за овој случај:

Решението за свикување на 27-та седница на Совет на општина Битола е со арх.бр. 09-55/1 од 23.05.2023 година, свикана од страна на Претседателот на Совет на општина Битола со дневен ред од 64 точки. Седницата започна со работа во договореното време, во 11:00 часот и од увидот во неусвоениот записник и снимената седница, од вкупниот број членови на Совет на општина Битола 31, на седницата присуствувале сите членови на Советот на општина Битола.

По претставување на дневниот ред од страна на Претседателот на Советот, им се овозможи на членовите на Советот да дадат предлози за измена и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи немало други предлози за измена и дополнување на дневниот ред, од страна на Претседателот на Советот на општина Битола дополнетиот дневен ред бил ставен на гласање и исходот од гласањето бил следен: **сите членови на Советот на општина Битола, гласаа "ЗА" дневниот ред по кој ќе се работи на 27-ма седница, со 69 точки на дневен ред.**

Од анализата направена врз донесените акти на 27-та седница, во согласност со нашите законски надлежности, утврдено е дека од сите точки кои беа на дневен ред, од подносителот на иницијативата, Градоначалникот на општина Битола, се успоруваат точките од 64-69, а се однесуваат на Решениата за разрешување на членовите на Управните и Надзорните одбори на шест Јавни комунални претпријатија.

Но, да одиме хронолошки, за овој случај:

Од наодите од извршениот инспекциски надзор, од разговорите со претставниците на општина Битола и од анализата направена врз документацијата која е добиена од претставникот на општината кој учествуваше во овој надзор, во согласност со нашите законски надлежности, Ве известуваме дека се констатирани следните неправилности:

- Претседателката на Совет не ги испочитувала одредбите од член 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија, цитираме: **Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно со членот 11 точка 7 од овој закон.**

Другите констатирани неправилности се евидентирани во Решението со опомена до Вас, како Претседател на Советот на општина Битола и со задолжувањата дадени од наша страна за понатамошно постапување

Додека што се однесува до успорените акти, донесени на 27-та седница на Советот на општина Битола, кои не се донесени во согласност со член 17-ѓ од Законот за јавните претпријатиа, Градоначалникот на општина Битола, требаше писмено да Ве извести, дека


Влада на Република Северна Македонија
Државен инспекторат за локална самоуправа
Бул " Гоце Делчев",бр.18, кат-12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3256762
www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut,
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale
Bul " Goce Delcev ",nr.18, kat-12,1000Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut
++38923256762
www.dils.gov.mk

за точките, од 64-69, нема да се донесува заклучок за објавување на решениата за разрешување на членовите на управните и надзорните одбори на шесте ЈКП, бидејќи истите не се донесени во согласност со материјалниот закон, Закон за јавните претпријатија и дека се поединечни акти.

Градоначалникот, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа, став(1) точка 2, цитираме: **Ја контролира законитоста на прописите на советот** и точка 3, цитираме: **Ги објавува прописите на советот во службеното гласило на општината** и врз основа на член 51, контрола на законитоста на прописите пред нивното објавување, став(1), цитираме: **Ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирањето.**

Наш став по однос на ово прашање, е дека, и досега во службените гласници на општина Битола, кога од страна на советот се донесуваат поединечни акти, од страна на градоначалникот се донесуваше заклучок за нивно објавување. За конкретниот случај, од страна на градоначалникот не се објавуваат истите решенија, без да ја известува претседателот на советот, во законскиот рок, кои се причините за необјавување и да даде образложение за истите, иако решениата за разрешување не се прописи туку се поединечни акти.

Од увидот во документацијата за комуникацијата помеѓу Градоначалникот и Претседателот на Советот на општина Битола ( барање од Претседателот на Советот до Градоначалникот на општината, со бр.09-73/1 од 16.06.2023 година, доставување на информации од Градоначалникот до Претседателот на Советот, со бр.08-688/2 од 19.06.2023 година, барањето од Претседателот на Советот до Градоначалникот на општината, со бр.09-73/2 од 21.06.2023 година, доставување на информации од Градоначалникот до Претседателот на Советот, со бр.08-688/4 од 21.06.2023 година), од наша страна се констатира, дека како претставници на двата органа, треба да седнете и да разговарате и да ги решите и надминете несогласувањата, секој од својот делокруг на надлежностите врз основа на одредбите од Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на општина Битола.


Влада на Република Северна Македонија Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за локална самоуправа | Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

**Државен инспекторат за локална самоуправа** | **Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Ве информирам дека од наша страна се доставува **Укажување до Градоначалникот** на општина Битола, дека во иднина, во таквите случаи, писмено да се извести Претседателот на Советот, со образложение, дека донесените акти од советот нема да се објавуваат во службеното гласило на општината, бидејќи не се во согласност со законските решениа.

Со почит,

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа

------------------- Службена легитимација бр.13-0002


Влада на Република Северна Македонија Бул "Гоце Делчев",бр.18, зграда 3, кат 12, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul " Goce Delcev,nr.18,ndertesa 3 kat 12,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk